# ИЗВЕШТАЈ

## за повреди на човекови права

### од документирани случаи во Коалиција Маргини за периодот 1.1.2021 – 30.4.2021


Драгана Дрндаревска
правна советничка, Коалиција Маргини



Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маригини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Во периодот од 1 јануари до 30 април 2021 година во Коалиција Маргини се документирани 29 случаи на прекршување на права во кои има 40 жртви, од различни заедници. Случаите во најголем дел се документирани од страна на правници, параправници, овозможувачи на други услуги и активисти од граѓански организации со кои соработува Коалиција Маргини, а кои учествувале на обуките за документирање на случаи. Дел од случаите се документирани и од самите жртви кои се обратиле во Коалиција Маргини и побарале правни совети или поврзување со други услуги.

Оттука, не се работи за репрезентативни бројки на случаи на повреди на права, туку за бројки кои се детерминирани од мотивираноста на заедниците да документираат случаи, обученоста за документирање, достигот на информациите за програмата како и за интерните капацитети за број на документирани случаи во Коалицијата Маргини. Сепак, случаите даваат увид во најчестите повреди на права во Северна Македонија, специфичните повреди со кои се соочуваат различни заедници како и системските, институционални повреди на правата кои континуирано се случуваат. Видовите на повреди на права се детерминирани од делокругот на работа на здруженијата на граѓани кои документираат случаи, па оттука во Полошкиот регион почесто се документираат случаи на семејно и родово засновано насилство поради работата на Женски Форум – Тетово, додека во Источниот регион доминираат повреди на социјални права на Ромите, со кои работи здружението КХАМ – Делчево.

# Случаи според видови повреди на права и карактеристики на жртви

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | Попреченост | Жртви на родово засновано насилство и семејно насилство | Деца | ЛГБТИ | **Вкупно Случаи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс | Мак. | Алб. | Ром. | Други | | | | | |
| 1 | Социјална заштита и социјални услуги | 6 | 5 | | 7 | | 7 | | 2 | 1 | 4 | | 10 |
| 2 | Работни односи | 2 | | | 1 | | 1 | | | | | | 2 |
| 3 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | | | | | 2 |
| 4 | Полиција и затвори | | 3 | | 2 | 1 | | | | | | | 2 |
| 5 | Заштита и спасување | | 1 | | 1 | | | | | | | | 1 |
| 6 | Семејно насилство и родово засновано насилство | 8 | 1 | | 1 | 11 | 2 | | | 13 | 4 | | 8 |
| 7 | Насилство од омраза | 1 | | | | | 1 | | | | | | 1 |
| 8 | Говор на омраза | | 1 | 1 | 2 | | | | | 2 | | 2 | 2 |
| 9 | Прекршување на права од медиуми | 1 | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 2 | 2 | 1 | | | 2 | | | | | 2 | 5 |
| **Вкупно** | | 19 | 12 | 1 | 14 | 12 | 13 | 1 | 2 | 17 | 8 | 2 | |
| **Вкупно случаи** | | **29** | | | | | | | | | | | |

Најмногубројни (10) се случаите на повреда на правата од социјална заштита или повреди при пристапот до социјални услуги. Во оваа категорија се групирани и правата од детска заштита и родителство. Жртви на овие повреди на правата се речиси изедначено жените (6) и мажите (5) и четири (4) деца. По етничка припадност, подеднакво се документирани случаи во кои жртви се Роми и Македонци. Дополнително, две лица со попреченост и една жртва на семејно насилство се лица чии социјални права биле повредени. Во голем дел од случаите се документира проблемот на спори, обременети со бирократија и неизвесни постапки за аплицирање за некое социјални право (најчесто гарантиран минимален приход, туѓа нега, надоместок заради попреченост или инвалидска пензија) во кои надлежните погрешно ја процениле фактичката состојба или погрешно го примениле законот, што резултирало со загрозување на егзистенцијата на лицата кои финансиски зависат од оваа помош. Еден од случаите документиран во Велес, зборува за проблемот со непристапност на комисиите кои даваат конзилијарно мислење во врска со порпеченоста, кое е неопходно за добивање на надоместок поради попреченост. Поради системски проблеми и во здравството, многу е тешко да се закаже преглед односно термините се недостапни, што резултира со неможност за остварување на ова социјално право. Друг документиран случај од Скопје, говори за непрофесионалноста на овие комисии, кои на лицето му дале погрешен наод и мислење и покрај очигледното исполнување на критериумите за инвалидска пензија. Постапката нити

пред второстепената комисија, нити пред Управниот суд не довела до исправување на грешката, додека лицето во меѓувреме поднело ново барање за инвалидска пензија, добило позитивен наод и мислење и го остварило правото на инвалидска пензија. Но, во меѓувреме ПИОМ исплаќал средства по првото барање кое не е одобрено, за што лицето се побунило, ПИОМ продолжил со исплатата. Лицето сега се соочува со тужба за поврат на средствата кои секако му припаѓаат, но поради нефункционалност на институциите не може да ги оствари. Овој случај илустративно покажува како нефункционалната бирократија доведува до правни нелогичности и ја загрозува правната сигурност но и егзистенцијата на граѓаните.
Еден случај во Тетово говори за недостигот на комуникација помеѓу надлежните институции и непочитувањето на роковите во постапувањето. Лицето било неосновано одбиено за гарантиран минимален приход од страна на Центарот за социјална работа, по што поднел жалба, а одговорот го добил после пет месеци, иако рокот е 60 дена. Причината за доцнењето е тоа што Центарот за социјални работа ненавремено ги поднел списите за предметот до Државната комисија, односно ги поднел повеќе од четири месеци откако му биле побарани. Додека Државната Комисија и Центарот за социјална работа си ја префрлуваат одговорноста, лицето пола година останува без гарантиран минимален приход. Во овој период се документирани и три случаи на извршување од сметки и средства кои претставуваат гарантиран минимален приход, спротивно на закон.

Сите овие случаи откриваат системски недостатоци во областа на социјалната заштита, од слаби капацитети на институциите, недостаток на одговорност за непрофесионалното и ненавременото извршување на задачите; долги постапки за остварување на социјални права, проследени со бројни документи кои треба барателите да ги обезбедат т.е. бирократија која се чини дека е создадена за да ги одврати лицата од добивање на правото, наместо да обезбеди пристап до него*. Во областа на социјалната заштита се потребни систематски реформи, пред сѐ со цел креирање на систем на социјална заштита ориентиран кон потребите на граѓаните. Неопходно е документите и информациите од другите институции да се прибавуваат по службена должност, да се поедностават постапките и да се обезбеди ефикасна контрола над работењето на институциите од социјална заштита.

* „Човековите права на маргинализираните заедници во услови на ковид-19: Извештај од истражувањето на влијанието што мерките за справување со ковид-19 го имаат врз човековите права на маргинализираните заедници“, Коалиција Маргини, Мрежа за заштита од дискриминација, 2012, стр 97.

Во областа на работните односи се документирани два случаи на повреди на права, едниот во текстилната индустрија во Кочани, а другиот во услужна дејност во Тетово. Документираниот случај во текстилната индустрија е за исплаќање на помала од минималната плата на текстилни работнички поради условување на минималната плата со нормираниот учинок, спротивно на закон. Случајот зборува за само еден од начинот на кои работодавците вршат експлоатација на текстилните работнички и груби прекршувања на нивните работнички права.

## повреда на правата во областа на работните односи

Во здравственото осигурување е документиран случај на неможност на остварување на правото на здравствено осигурување по основ на невработеност поради немање на средства да се плати потребаната сума. Тука не станува збор за прекршување на законот, туку несоодветни законски услови кои ги оставаат невработените лицата и нивните семејства без здравствено осигурување. Имено, ако ја изгубат работата имаат право на здравствено осигурување, но доколку се надмине приходот од 17 6280 денари за претходната година, лицата треба да платат за здравственото осигурување. Прагот од 17 6280 денари годишно е многу низок, на месечно ниво истиот претставува мало примање од кое лицата не можат да заштедат средства за во случај на невработеност, оттука неопходно е да се зголеми овој праг, минимум на ниво на потрошувачка кошничка за една година. Дополнително, од овие лица се бара да платат за здравствено осигурување по основ на невработеност, кога немаат никаков прилив на средства бидејќи само што ја изгубиле работата. Неопходно е да се овозможи период на бесплатно здравствено осигурување по губењето на работата, особено ако се има предвид дека овие случаи се документирани на почетокот на 2021 година, кога пандемијата сѐ уште опстојуваше.

Во областа на полициско постапување и затвори се документирани два случаи. Едниот случај од КПУ Тетово, во кој управата на затворот не дозволува лицето да комуницира со адвокати. Другиот случај е од Скопје, каде жртви на повреди на права од полициска постапка се лица кои рекреативно користеле канабис на јавно место. Освен некоректниот и понижувачки однос на полицискиот службеник, кој се заканувал со насилство, тие биле претресени на јавно место (соблечени по долен веш), наместо во полициска станица. Во случајот се работи за мали количини на канабис, подготвени во цигара, од каде е јасно дека станува збор за лична употреба на јавен простор за што може да се изрече прекршок. Но сепак, полициските службеници се заканувале со можност за кривичен прогон, спротивно на закон и со цел заплашување на лицата. Прекршувањата на правда на лицата што употребуваат дроги од страна на органите за прогон е константен проблем, кој не се подобрува низ годините, додека Владата ветува легализација на конопот за лична употреба. Од една страна корисниците се третираат како криминалци, иако не се и согласно постојниот закон, а од друга страна, Владата испраќа пораки дека ќе ја либерализира законската рамка за лична употреба.

Документиран е и случајот во кој не беше овозможена помош, заштита и спасување, на овчарот од Кратовско, кој во планински, завеан терен имаше потреба од итна медицинска помош. Службите одговорни за заштита и спасување според истоимениот закон не реагираа, одбија да помогнат, па лицето на раце беше однесено во болница од страна на роднините и здравствениот персонал, а поради ненавремено болничко згрижување и долгото патување по екстремни услови лицето почина. Во случајот надлежните институции, а пред се Општина Кратово и службите формирани со цел почитување на Законот за заштита и спасување, ги повредија своите обврски и постапија крајно нехумано. Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе барање за вонреден инспекциски надзор, со цел лоцирање на одговорност и казнување на сторителите.

Голем број од случаите се однесуваат на семејно насилство. Седум (7) од осум (8) случаи се од Тетово и еден од Вардарскиот регион (Неготино). Во сите случаи сторители се сопрузите или интимните партнери на жените, додека жртви се осум (8) жени, четири (4) деца и еден маж, брат на жртвата кој пробал да и помогне но бил физичко повреден од нејзиниот сопруг. По етничка припадност, жените жртви се една Македонка, единаесет (11) Албанки и две Ромки. Според видовите насилство, во најголем број од случаите се документира физичко и психолошко насилство, проследено со уцени, закани и навреди, додека не е документиран случај на сексуално насилство. Во најголем дел од овие случаи, жртвите добиле правна помош од страна на Женски Форум Тетово со што делумно или целосно се решиле нивните правни проблеми. Од Женски форум Тетово пријавуваат проблеми во полициското постапување, еден случај на неподнесување на кривична пријава против сторителот по службена должност, а друг случај на доцнење на Центарот за социјална работа во донесување на решение за контакти со децата по развод на брак.

Случајот на прекршување на права од страна на медиумите претставува истовремено случај на сексуално вознемирување, во кој медиум објавил на социјалните мрежи приватна фотографија на Ромка, со сексистички и вознемирувачки коментари. Овој вид на повреда на права на жените засновано на род, станува сѐ повидливо. Загрижува неподготвеноста на институциите за да ги заштитат жртвите во ваквите случаи, од непрепознавање на сопствената надлежност, непрепознавање на овие случаи како кривични дела и како родово засновано насилство до обвинување на жртвите, за што сведочи случајот „Јавна соба“ за кој во известувачкиот период се организираа протести од страна на Платформата за родова еднаквост *.

* „Марш за женски права- Држава што не постапува е држава што силува!“, Канал 5, 8.3.2021. Достапно на: https://cutt.ly/4QyeuaO

Насилството од омраза е документирано во еден случај во кој се испреплетуваат расата, попреченоста и родот. Се работи за случај во Тетово во кој била нападната Ромка со попреченост на триесет годишна возраст од страна на група млади мажи. Насилството резултирало и со скршена рака, и секако длабоки психолошки последици по жртвата, карактеристични за делата од омраза.

Говорот на омраза е документиран во два случаи, каде жртви се геј маж и трансродова жена. И во двата случаи станува збор за родово заснован говор на омраза преку социјалните мрежи, во кој има повици за насилство, груби навреди и понижување на лицата поради сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Овие случаи истовремено претставуваат хомофобично и трансфобично вознемирување, го повредуваат достоинството на жртвите и создаваат непријателска, застрашувачка и понижувачка средина. Жртвите не сакаа да ги пријават случаите во надлежните институции, туку ги решаваа со пријавување на содржините со говор на омраза до социјалните мрежи.

Двата случаи на директна дискриминација се врз основа на раса, во кои жртви се Ром и Ромка во Тетово. Во едниот се работи за дискриминација кон Ромка, која работи во услужна дејност и зема помала плата од колешките кои не се Ромки. Другиот случај е директна дискриминација во здравството, каде Ром бил одбиен за здравствен преглед во државната болница во Тетово.

# Случаи според видови повреди на права и распределба по региони

| Видови повреди на права | | Региони | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полошки | Вардарски | Источен | Скопски | Југозападен | Југоисточен | Североисточен |
| 1 | Социјална заштита и социјални услуги | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | |
| 2 | Работни односи | 1 | | 1 | | | | |
| 3 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 1 | | 1 | | | | |
| 4 | Полиција и затвори | 1 | | | 1 | | | |
| 5 | Заштита и спасување | | | | | | | 1 |
| 6 | Семејно насилство и родово засновано насилство | 7 | 1 | | | | | |
| 7 | Насилство од омраза | 1 | | | | | | |
| 8 | Говор на омраза | | | | 1 | | | 1 |
| 9 | Прекршување на права од медиуми | 1 | | | | | | |
| Случаи во кои има дискриминација | | 3 | | | 1 | | | 1 |
| **Вкупно по региони** | | **13** | **4** | **5** | **3** | **1** | **1** | **2** |

# Родова перспектива на документираните случаи

Жените се жртви во 19 случаи, мажите во 12, а трансродовите лица во еден случај. Родовата разлика во жртвите се должи на случаите на семејно насилство, во кои и оваа нерепрезентативна статистика укажува на фактот дека жртвите и сторителите се детерминирани од родот. Жените се жртви и во случаите на повреди на работнички права, додека мажите во случаите на повреда на права од полициска постапка и затвори. Злоупотребата на женскиот труд и родовата дискриминација во работните односи се сè уште клучен проблем поврзан со остварување на родовата еднаквост.

Кај насилството од омраза, говорот на омраза и сексуалното вознемирување жртви се жени или ЛГБТИ лица, што овие дела ги прави родово детерминирани. Токсичната машкост и последиците од ваквото социјализирање на момчињата кое резултира со насилство се највидливи во случајот на насилство од омраза кон Ромка со попреченост. Сторители се група момчиња, кои ја навредувале и удирале жртвата, се исмејувале на нејзината попреченост. Ваквото однесување е карактеристичен начин на изразување на токсична машкост, преку злоупотреба и исмејување на послабите и различните попратена со социјални санкции од страна на групата доколку некој не се приклучи кон насилничкото однесување.

# Препораки

1. Реформи во системот на социјална заштита кон поедноставување на постапките за стекнување на социјални права, прибирање документи по службена должност, зајакнување на капацитетите на кадарот како и воведување на ефикасен систем за мониторирање на нивната работа и казнување на непрофесионално работење

2. Зајакнување на контролата и на капацитетите од Државниот инспекторат на трудот, особено во текстилната и услужната дејност

3. Изменување на Законот за здравтсвено осигурување за зголемување на прагот за годишен приход за стекнување на здравствено осигурување по основ на невработеност

# Препораки

4

Зајакнување на капацитетите на полицијата и доследно спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство

5

Зајакнување на капацитетите на органите за прогон со цел стекнување на доверба кај жртвите на сексуално вознемирување и говор на омраза онлајн

6

Почитување на правата на лицата што употребуваат droги во полициска постапка и ефективно санкционирање на полициски службеници сторители на вакви повреди

Коалиција МАРГИНИ

KVINNA KVINNA

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е финансиран
од Европската Унија